


# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО 2020

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**

ЕСЕ

# ЗА ЕСЕ

Здружението ЕСЕ е граѓанска организација која работи на подобрување на имплементацијата на социјалните и економски права на ранливите групи на граѓани, преку нивно зајакнување, мобилизирање и вклучување во планирањето, спроведувањето и оценувањето на јавните политики и услуги во Р. Македонија.

ЕСЕ се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на промовирање и унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека правата на човекот претставуваат неделив збир од стандарди што треба сите да ги уживаат. Посебно сме посветени на работата на полето на промовирање и унапредување на здравствените права и правата на жените. Затоа сме фокусирани на две цели – да излеземе во пресрет на итните потреби на граѓаните, посебно на ранливите групи, и да влијаеме при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање, пријавување и осуда на нанесените неправди. Обезбедуваме правна и параправна помош и на тој начин им овозможуваме на граѓаните да ги остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат. Но, уште повеќе, се застапуваме за менување на законите и политиките што влијаат врз спроведувањето на здравствените права и правата на жените. Застапуваме на национално, но, и на меѓународно ниво. Подготвуваме и поднесуваме „извештаи во сенка“ и други видови документи за спроведување на меѓународните документи за правата на човекот пред одговорните меѓународни тела.

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| 1 | ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 4 |
| 2 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 14 |
| 3 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 21 |
| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | 26 |

# 1

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2020 ГОДИНА**

Во однос на подобрувањето на здравјето и пристапот кон здравствени услуги за жени, мајки и деца во изминатите четири години Владата на С. Македонија се фокусира на неколку макроекономски политики кои ќе придонесат кон поттикнување на економскиот раст и зголемување на вработеноста на населението, а од друга страна остварување на фискална консолидација и одржување на монетарната стабилност. Исто така, државата во овој период се насочи кон носење на политики кои се во прилог на зајакнување на социјалната заштита, поттикнување на растот на платите и формализирање на неформалната економија. Како и да е, промената и унапредувањето на политиките не даваат видливи промени во расположливите средства за здравствена заштита и се повеќе ги ограничуваат граѓаните да пристапат кон истата. Во овој период на пандемија особено се изразени последиците од игнорирањето на значењето на јавното здравството, односно маргинализирање на оваа функција. Сево ова придонесува кон преминување на пациентите од јавно кон приватно здравство и зголемување на нивните трошоци, што пак води кон промовирање на концептот на јавно приватно партнерство, а со тоа и кон се поголема корупција во здравството.

Во 2020 година жените продолжуваат да се соочуваат со истите бариери и проблеми како и во изминатите години по однос до пристапот до здравствени услуги за женското репродуктивно здравје. Околу 40% од жените во Македонија немаат избрано матичен гинеколог, поради тоа што се уште недостасуваат 158 матични гинеколози во примарната здравствена заштита. Опфатот на жените со Програмите за скрининг на рак на дојката и рак на грлото на матката е на незадоволително ниско ниво. Имено, само 28% од жените на возраст од 24 до 60 години се опфатени со Програмата за скрининг на рак на грлото на матката во периодот од 2012 до 2018 година. Опфатот на жените со Програмата за скрининг на рак на дојка бележи поразително ниско ниво. Имено во 2020 година, од страна на Институтот за јавно здравје објавен е извештај од кој може да се заклучи дека во 2019 година со овој скрининг биле опфатени само 0,7% од жените од целната возрасна група (од 50  до 69 години). Иако во 2019 година беа усвоени измени на Законот за здравствена заштита со кои е предвидено Министерот за здравство да подготви и усвои Правилник за работата на патронажните сестри, меѓутоа во 2020 година овој правилник се уште не е усвоен.

Во периодот од 2011 до 2016 година во Македонија беше забележан значителен пораст на перинаталната и доенечката смртност, од 7,6 умрени доенчиња на 1000 живородени во

2011 на 11,9 на 1000 живородени во 2016 година. Во периодот од 2017 до 2019 година стапката на смртност бележи опаѓање за во 2019 година да изнесува 5,6 на 1000 живородени. Меѓутоа земајќи ја во предвид честата промена на стапката на доенечка смртност низ годините, потребно е континуирано следење на стапката, како и на сите фактори кои можат да придонесат кон пораст на доенечката смртност.

Во месец февруари 2020 година државата најави дека во фаза на финализација е подготовка на Национален перинатален мастер план, со кој треба да се унапреди здравјето и здравствената заштита на мајките и децата, меѓутоа до крајот на 2020 година овој план се уште не е усвоен од Владата.

Исто така, во месец февруари 2020 година Министерството за здравство најави дека ќе започнат реформите во примарната здравствена заштита, кои беа планирани преку процес на соработка со Светската здравствена организација кој трае од 2018 година. Новиот модел беше пилотиран во неколку локации, меѓутоа нема никакви информации дали се започнати или кога ќе започнат реформите на национално ниво.

Во однос на здравјето на Ромите, РС Македонија ја имплементира Стратегијата за Ромите во РМ 2014 – 2020, односно, Националниот акциски план за унапредување на здравјето на Ромите 2015 – 2020. Меѓутоа, наодите од терен, односно од ромската заедница укажуваат дека Ромите продолжуваат да се соочуваат со бариери во пристапот до здравствената заштита. Последните податоци од ромските заедници со кои располага ЕСЕ се прибрани во 2019 година. Како клучни ги издвојуваме следните наоди: недоволен опфат на жените Ромки со програмата за скрининг на ракот на грлото на матката, односно само 9% од жените Ромки направиле ПАП тест согласно на оваа програма; поразително низок опфат на жените Ромки со програмата за скрининг на рак на дојка, при што само 4 (четири) од 270 жени Ромки од Шуто Оризари биле опфатени со оваа програма; и недоволен опфат со патронажни посети, особено за време на бременоста, при што само 40% од жените биле посетени од патронажна сестра за време на последната бременост.

Во 2020 година Ромите од Шуто Оризари се соочија со проблеми во пристапот до примарната здравствена заштита, поточно пристап до матичен лекар и дежурната служба во поликлиниката во Шуто Оризари. Имено, во последните две години четири матични лекари престанаа да работат во општината, поради пензионирање или започнување со работа на друга работна позиција. При тоа голем број на граѓани од оваа општина останаа без матичен лекар. Постоечките седум матични лекари во општината не можат да ги примат сите граѓани кои останаа без матичен лекар, бидејќи веќе се преоптоварени со

пациенти. Сето ова резултираше многу Роми од општината да останат без матичен лекар и тоа токму во времетраење на пандемијата со Ковид-19. Дополнителен проблем претставува што од постоечките 7 (седум) матични лекари, 3 (тројца) се на возраст пред пензионирање. Ова значи дека овој проблем само дополнително ќе се влошува во наредниот период.

По појавата на пандемијата со Ковид-19 во Македонија, Ромите и ромските заедници се соочија со низа на проблеми, ова особено важи за населбите со супстандардни услови на живеење. Почнувајќи од несоодветната инфраструктура, недостиг на проточна вода во домаќинствата, неможност за соодветна самоизолација и домашно лекување поради несоодветни услови за живеење, голема густина на населеност во одредени населби и сл. Сето ова, надополнето со сиромаштијата, доведе Ромите да не се во состојба да ги применуваат ниту основните мерки за заштита од Ковид-19 (често миење на раце, употреба на дезифициенси, купување маски, соодветна самоизолација во домашни услови) и до зголемување на ризикот од пренесување на Ковид-19 во ромските средини. При тоа, иако имаше одредени активности за обезбедување на хуманитарна помош од страна на локалната самоуправа, изостана систематски пристап за заштита на најранливото население во услови на пандемија.

Дополнителен проблем е податокот дека до крајот на 2020 година државата не подготви нова Стратегија за Ромите, ниту Национален акционен план (НАП) за здравство. Во моментот државата нема Стратегија и НАП за здравство, а претходните стратешки документи важеа заклучно со 2020 година.

Во насока на намалување на стапката на невработеност и оспособување на невработените граѓани за учество на пазарот на трудот, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на РСМ секоја година подготвуваат и спроведуваат активни мерки и услуги за вработување кои реално и не допринесуваат кон остварување на оваа цел. Имено, активните мерки и услуги за вработување на начинот на кој досега се планираат и спроведуваат не одговараат на реалните потреби на граѓаните и не принесуваат кон долгорочна вработливост. Дополнително, важно е да се напомене дека за спроведување на овие активни политики за вработување државата од средствата на граѓаните троши огромни износи на средства, без притоа да обезбеди достоен отчет кон јавноста и овозможи нејзино вклучување во евалуација и планирање на овие политики. Оттука, потребата од активирање на граѓаните и нивно вклучување во креирањето на мерките е од суштинска важноста за државата и основен поттик ЕСЕ да продолжи да работи на ова прашање. Нашите наоди покажаа дека високата неактивност на жените, помалата стапка на вработеност кај жените и стапката на долгорочна невработеност се оштите

карактеристики на домашниот пазар на труд, со одредени многу мали промени во текот на изминатите години. Државата одвојува во просек 0,16% од БДП за спроведување на активните политики за вработување, што е далеку под просекот на земјите во ЕУ и приближно 20% од буџетот за вработување, а пак 70% за пасивни политики за вработување. Активните политики за вработување се премногу фокусирани на невработените лица кои се регистрирани во државниот систем за вработување. Оние невработени кои не се регистрирани немаат право на пристап до активни мерки, програми и услуги за вработување. Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување го немаат регулирано или пак операционализирано начинот на таргетирање и вклучување на жените во активните политики за вработување. Освен споменувањето на жените како целна група во две активни мерки за вработување оценети како неефикасни програми за вработување, недостасува јасна визија за нивно вклучување. И покрај тоа што видот на активните политики и мерки за вработување се слични на оние во другите европски држави, дури и земјите-членки, сепак, секторот за вработување се соочува со неколку клучни проблеми, како на пример непостоење пристап базиран на потребите при развивање и имплементација на активните политики за вработување, не насочен пристап при спроведување на активните политики за вработување, и низок капацитет на државните институции за спроведување на мерките на систематски и квалитетен начин и отсуство на постојани и систематски механизми за евалуација.

Во однос на нудењето на системски решенија за неплатената работа за нега на тешко болни лица во 2019 година Здружение ЕСЕ го објави истражувањето за влијанието на обезбедувањето на нега во домашни услови. Беше утврдено негативното влијание, како врз финансиската состојба на семејството, така и врз здравјето на давателите на нега. Во 2020 година државата не направи никакви суштински промени на ова поле, со цел да им обезбеди соодветна помош и поддршка на семејствата каде што се обезбедува ваков вид на нега. Во таа насока работата на ЕСЕ останува посветена на застапување за унапредување на состојбата на семејствата и на лицата кои обезбедуваат нега во домашни услови.

## НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

### 1.1. ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНКА НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ И ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

- Подготвен е план за континуирано јакнење на капацитетите на персоналот на ИРИЗ, како и за потребите на обезбедување техничка и менторска поддршка од страна на ЕСЕ во работата на полето на интегрираниот пристап (социјална отчетност и правно зајакнување) врз основа на претходно направена проценка на потребите на персоналот на оваа организација.
- Обезбедена е техничка и менторска поддршка на трите партнерски ромски организации (КХАМ, ИРИЗ и Романо Чачипе) за работа во заедницата во услови на пандемијата со Ковид-19, преку: превод и адаптација на водич за работа за граѓански организации во заедниците за време на пандемија со наслов: „КОВИД-19 Повик за акција: Што можете да направите на ниво на заедница за да се промовира социјалната солидарност во време на физичко дистанцирање“; подготовка на водич и објаснувања на партнерските ромски организации по однос на процедурите за остварување на правата од новоусвоените владини мерки како одговор на пандемијата; и континуирана менторска поддршка на работата на ромските граѓански организации.
- Обезбедена е техничка и експертска поддршка на трите партнерски ромски организации во: процесот на подготовка на Локалните стратегии за застапување со цел унапредување на здравјето и пристапот до здравствена заштита на Ромите, со посебен акцент на здравјето на мајките и децата, женското репродуктивно здравје и пристапот до примарна здравствена заштита; и мапирање на заедницата, со цел спроведување на истражувањето за влијанието на пандемијата со Ковид-19 врз жените Ромки.
- Подготвени се модули за обука на персоналот на ЕСЕ и ромските граѓански организации за работа на полето на унапредување на менталното здравје на Ромите, од страна на експерти на полето на ментално здравје од Универзитетот во Севилја, Шпанија.
- Обезбедена е експертска помош на персоналот на ЛИЛ за подготовка на извештај од истражувањето за опфат на жените Ромки со програмите за скрининг за рак на дојка и рак на грло на матка во форма на Картичка за оценка од заедницата.

- Обезбедена е експертска поддршка на граѓански организации во Грција по однос на спроведувањето на методологиите на социјална отчетност со цел унапредување на здравјето на Ромите.
- Развиен модул за електронско учење кој се однесува на јакнење на капацитетите на граѓанските организации од земјата и регионот за буџетски мониторинг и застапување, како и пристап до информации.
- Оценети се потребите на за техничка поддршка и развивање на капацитети за буџетски мониторинг и застапување на осум граѓански организации, од кои четири од земјата и четири од регионот (Црна Гора, Србија и Босна и Херцеговина).
- Развиен е Прирачник за толкување и анализа на буџетски податоци наменет за граѓански организации.
- Обезбедена е техничка помош за 12 граѓански организации во земјата (две индивидуални организации и една мрежа составена од 10 граѓански организации).

## 1.2. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И ГО-и ВО КРЕИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ

- Предложени и прифатени се активности за пилотирање на методологиите на социјална отчетност од МЗ и АВРМ во рамки на ОВП процесот на консултации. Овие активности претставуваат продолжување на иницираниот процес во претходната година во рамки на кој годинава развивме програма и материјали за обука на овие институции.

## 1.3. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ЖЕНИ, МАЈКИ И ДЕЦА

- Со помош на еден меѓународен и еден национален експерт, прибрани се податоци и го оценето е влијанието на глобалните и националните економски трендови и макроекономски политики врз пристапот на мајките, децата и жените до услуги за превентивна здравствена заштита.
- Подготвен е „Акционен предлог-план за унапредување на здравјето и здравствената заштита на жените, мајките и децата заради намалување на перинаталната и доенечката смртност во Република Северна Македонија за периодот 2020 – 2030 година", со помош на работна група на експерти.
- Подготвени и објавени се 5 (пет) анализи од мониторингот на спроведувањето на превентивните програми на Министерството за здравство, вклучувајќи и дел за опфатот на ромското население со овие програми (Програма за активна здравствена

заштита на мајките и децата, Програма за скрининг на рак на дојка и Програма за систематски прегледи на учениците и студентите).

- Презентирани се наодите од макроекономската анализа и анализите од мониторингот на програмите преку организирање на јавна дебата и конференција за печат на тема "Како макроекономските политики влијаат врз пристапот до здравствена заштита за жените, мајките и децата".
- Прибрани и анализирани се податоци по однос на трошоците поврзани со третман и лекување на ракот на грлото на матката од страна на државата и од страна на жените, преку прибирање информации од јавен карактер и спроведени интервјуа со жени кои се лекуваат од карцином на грлото на матката.
- Подготвено е видео со цел презентирање на наодите за нискиот опфат на жените со програмите за скрининг на рак на дојка и рак на грло на матка, со посебен осврт на жените Ромки во соработка со „Види Вака".
- Подготвен и поднесен е Алтернативен извештај кон Конвенцијата за правата на детето, по однос на Насилство врз децата и Попреченост, здравје и добросостојба во соработка со Здружението Отворена порта Ла страда.

## 1.4. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА РОМИ

- Информирана и едуцирана е ромската заедница по однос на нивниот одговор и справување за време на пандемијата со Ковид-19 преку превод и адаптација на осум едукативно-информативни материјали на тема: Бременост за време на пандемијата со Ковид-19; Доење и грижа за новороденото за време на пандемијата со Ковид-19; Совети за тоа како треба да разговарате со Вашите деца, членовите на Вашата заедница, семејство, пријатели, со цел да се намали стравот, стигмата и дискриминацијата поврзана со новиот коронавирус Ковид-19; Шест едукативни материјали на тема „Родителство за време на пандемијата со Ковид-19"; Информации за лица кои се грижат за заболени лица од КОВИД–19 во домашни услови; Корона вирусот и собирачите на отпад, намалување на ризиците; Здравствени насоки за заштита од Ковид-19 за неформални трговци; Домашни работници и работодавци заедно против Ковид-19. Материјалите беа дистрибуирани во ромските заедници од страна на партнерските ромски организации.
- Обработени и анализирани се податоците прибрани од ромските заедници каде што работат партнерските ромски организации, со посебен фокус на здравјето и

пристапот до здравствена заштита за жените, мајките и децата од ромските заедници.

- Подготвени се шест Картички за оценка од заедницата по однос на здравјето и пристапот до здравствена заштита за жените, мајките и децата од ромските заедници.
- Спроведени се активности за застапување со цел соодветен одговор и заштита на ромското население во услови на пандемијата со Ковид-19, насочени кон Владата на РСМ, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика и единиците на локалната самоуправа, преку испраќање на три дописи со конкретни барања до надлежните институции, како и медиумско застапување.
- Презентирани се наодите и препораките по однос на здравјето и здравствената заштита за жените, мајките и децата од ромските заедници, пред надлежните институции и пошироката јавност преку конференција за печат и јавна дебата на тема „Предизвици со кои се соочуваат жените, мајките и децата Роми во пристапот до превентивната здравствена заштита".

### 1.5. ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ НА ЖЕНИТЕ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД

- Врз основа на наодите, а во соработка со две граѓански организации (Женски Форум од Тетово и Граѓанска иницијатива на жените од Св. Николе), развивме и промовиравме едно информативно видео во кое се опишува пристапот до мерките и услугите за вработување на граѓаните на национално и локално ниво.
- Прибрани се јавно достапни податоци и иницирани се 209 постапки за прибирање на информации кои не се јавно достапни, а кои се однесуваат на спроведувањето на оперативниот план за активни мерки, програми и услуги за вработување за 2019 година од АВРМ, Централниот регистар, и Агенцијата за поддршка на развојот на претприемништвото.
- Спроведена е анализа на податоците и подготвен е извештај со клучни наоди и заклучоци, по што препораките беа доставени до надлежните институции и промовирани во дневникот на ТВ Телма, како и објавени на повеќе електронски медиуми.

### 1.6. НУДЕЊЕ НА СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА ЗА НЕПЛАТЕНАТА РАБОТА ЗА НЕГА НА ТЕШКО БОЛНИ ЛИЦА

- Подготвени и доставени се 12 барања до државата со цел унапредување на состојбата на давателите на нега, лицата кои имаат потреба од нега, како и на семејствата каде се обезбедува овој вид на нега, врз основа на претходното

истражување како и врз основа на консултации со организации на пациенти и самите даватели на нега.

- Одржана е конференција за печат на тема „Колку чини неплатената работа за нега во домашни услови и препораки до државата " со цел презентирање на барањата пред медиумите и пошироката јавност.

# 2

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2020 ГОДИНА

Генерален е заклучокот дека во 2020 година државата не презеде суштински чекори за унапредување на состојбите со владеење на правото и пристапот до правдата, кои имаат понатамошно влијание врз остварувањето на социјалните и економските права на ранливите групи на граѓани. Истовремено, отсуствуваа активности на национално ниво за спроведување на одржливата развојна цел за пристап до правда 16.3. како дел од глобалните напори за унапредување на состојбите на ова поле. Вонредната состојба и кризата предизвикана од КОВИД-19 дополнително го ограничија пристапот до правда и државата не усвои и спроведе мерки за надминување на специфичните проблеми со кои се соочуваат ранливите групи на граѓани за време на кризната состојба.

Во иста насока, загрижувачко е отсуството на политичка волја за јакнење на капацитетите и унапредувањето на статусот на институциите или телата кои ја обезбедуваат формалната правна заштита и се клучни во обезбедувањето на потребната правна заштита за ранливите групи на граѓани. Притоа, особено загрижувачки е неформирањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во 2020 година, односно нефункционирањето на овој специјализиран механизам за заштита на граѓаните во период подолг од 18 месеци. Влијанието на политичките партии негативно се одразува и врз изборот на Народниот правобранител, каде што евидентно беше „лицитирањето“ преку медиумите со имиња на лица кои се поврзани со политичките партии уште пред отпочнувањето на самата постапка за избор на ова независно тело за заштита на човековите слободи и права.

После усвојувањето на Законот за бесплатна правна помош не беа преземени дополнителни мерки за олеснување на примената на законот во пракса, односно јакнење на капацитетите на подрачните единици на Министерството за правда и поголемо информирање на населението за правото на бесплатна правна помош. Оваа година стапи на сила променетиот Закон за судски такси со кој судските такси се намалени и до осум пати и во зависност од вредноста на предметот во парнична постапка судските такси изнесуваат од 480 до најмногу 6.000 денари. Дали и како ќе

влијае ова намалување на олеснување на пристапот до правда за жените кои претрпеле семејно насилство ќе го анализираме во тек на следната година за постапките иницирани по донесувањето на законот.

Вакуумот во обезбедувањето на правна помош за граѓаните продолжуваат да го пополнуваат адвокатите, правниците и параправниците во граѓанските организации кои обезбедуваат поддршка на Ромите, жените кои претрпеле насилство, текстилните работнички, лицата кои употребуваат дроги, сексуалните работници и ЛГБТи заедницата.

Жените кои претрпеле семејно насилство продолжија да се соочуваат со ограничен пристап до правда и нагласена потреба од правна помош и поддршка. Новонастанатите услови ја нагласија потребата за подобрување на процедурите за пријавување на насилството и обезбедување на заштита во Центрите за социјална работа и полицијата. Покрај вообичаените правни проблеми, жените се соочија со зголемен ризик од насилство и специфични правни проблеми во комуникацијата со институциите за време на вонредната состојба и применетите мерки за ограничено движење на населението. За надминување на проблемите со семејното насилство во Центарот за правна помош на ЕСЕ се обратиле вкупно 205 лица, кои најчесто имале потреба за запирање на насилството и надминување на вообичаените правни проблеми поврзани со семејното насилство, како што се разводот на брак, старателството и издршката за децата. За таа цел, од страна на ЕСЕ беа обезбедени правни совети и подготвени беа 124 писмени поднесоци, како што се тужби за развод на брак, старателство и издршка, предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство, кривични пријави и друг вид на писмени поднесоци.

# НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## 2.1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ НАЧИНИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ПРАВНА ЗАШТИТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРАВНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА ГРАЃАНИТЕ

- Унапредени се познавањата на параправниците преку развивање на е-модули за три обуки од различни области на правото кои се релевантни за секојдневното обезбедување на параправна помош и поддршка на ранливите групи на граѓани.
- За канцелариите за параправна помош и поддршка во трите ромски партнерски организации во континуитет се обезбедуваше техничка поддршка и правна помош за остварување на правата на Ромите од областа на здравствената заштита, социјалната заштита, работните односи и други области од секојдневното живеење.

## 2.2. СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗАСНОВАНИ НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА

- Во соработка со Коалиција Маргини, која е носител на заедничката соработка со ЕСЕ во 2020 година подготвен е нацрт акционен план за унапредување на пристапот до правда за ранливите групи на граѓани во однос на Цел 16.3 за одржлив развој.
- Подготвен и поднесен извештај во сенка за имплементација на Целта за пристап до правда 16.3. до Националниот доброволен механизам при Политичкиот форум на високо ниво во ОН.
- Собрани и анализирани се податоци за ослободување од судски трошоци на жените кои претрпеле семејно насилство (31 жена и кои воделе или ќе водат семејни спорови) и за остварувањето на правото на издршка на малолетните деца (15 жени кои воделе постапка за определување на издршка), односно нивните познавања и праксата, по што е подготвен краток извештај со заклучни согледувања и препораки.

- Развиена е методологија со индикатори за континуирано следење на пристапот до правда за жените кои претрпеле семејно насилство во кривично правниот и граѓанско правниот систем за заштита.
- Во 2020 година продолживме со собирањето и анализите на податоци за трошоците и придобивките од обезбедување на неформална правна помош, односно, собравме податоци за трошоците на 94 клиенти на трите граѓански организации кои обезбедуваат различни видови на бесплатна правна и параправна помош.

## 2.3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАП ДО ПРАВНА ЗАШТИТА ЗА ЖЕНИТЕ КОИ ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

- За разрешување на проблемот со семејното насилство и останатите правни проблеми, обезбедивме бесплатна правна помош, односно правни совети и писмени поднесоци за 205 лица кои се обратиле во Центарот за правна помош за жените кои претрпеле семејно насилство (134 постоечки и 71 лице кое за прв пат побарале правна помош оваа година). Од нив по националност 119 лица се од Македонска, 46 од Ромска, 16 од Албанска, 10 од Босанска, 8 од Српска националност, две од Турска и четири од друга националности. Мнозинство се невработени (133), а помал дел се вработени (72).
- За потребите на жените кои претрпеле семејно насилство обезбедивме правни совети за постапката за изрекување на привремени мерки за заштита (59), кривичните постапки за заштита од семејно насилство (14), развод на брак (44), издршка (40), старателство (26), социјална заштита (18), имотни односи (15), други проблеми (26).
- Подготвивме 124 писмени поднесоци за разрешување на наведените правни проблеми, односно 35 тужби/спогодбени предлози за развод на брак, 15 тужби за издршка, 8 тужби за старателство, 8 предлози за изрекување на ПМЗ, 8 кривични пријави, 10 жалби, четири одговори на тужба и 36 други писмени поднесоци (барања, ургенции, приговори и сл.).
- Ја креиравме првата интернет платформа за обезбедување на правни совети за жените кои претрпеле семејно насилство **ПОБАРАЈ СОВЕТ** www.pobarajsovet.mk, преку која жените можат непречено да побараат и да

добијат за разрешување на вообичаените правни проблеми поврзани со семејното насилство.

- На пет жени кои претрпеле семејно насилство им обезбедивме бесплатно судско застапување во постапките пред судовите за разрешување на проблемите поврзани со семејното насилство: граѓанска и кривични судски постапки за заштита од семејно насилство, бракоразводни постапки, старателство и издршка за децата.
- Поради влошената финансиска состојба на четири жени кои претрпеле семејно насилство им обезбедивме финансиска поддршка за надоместување на трошоците за живот за нив и нивните деца.
- Подготвена е сумарна тригодишна анализа за трошоците и придобивките од бесплатната правна помош за жените кои претрпеле семејно насилство (2017-2019), како и последователно собирање и обработка на податоците за 68 клиенти на ЦПП за 2020 година.
- Развиени се писмени насоки за пријавување на семејното насилство во полиција за жените кои претрпеле семејно насилство корисничкиу на правните услуги на ЕСЕ.
- Преземени се низа превентивни активности (кампања на социјални медиуми, соопштенија за јавност, гостување на ТВ) за актуелизирање на состојбите со семејното насилство за време на вонредната состојба и специфичните потреби на жените кои претрпеле семејно насилство.
- Подготвени и пратени до влада и надлежните министерства конкретни препораки за итна заштита на жените кои претрпеле семејно насилство за време на вонредната состојба и кризата предизвикана од КОВИД 19.

## 2.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ПРЕКУ ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ФОРМАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ПРАВДА ЗА ГРАЃАНИТЕ

- Спроведена е сеопфатна кампања за итно формирање на новата Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), како и последователно застапување за организирање на транспарентна постапка за избор на независни и професионални членови на КСЗД.

- Подготвена е методологија за следење на спроведувањето на мерките за унапредување на родовата еднаквост во јавните обвинителства, апелационите судови и Врховниот суд.

# 3

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА




**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2020 ГОДИНА**

2020 година, и покрај актуелната здравствена криза и ограничувањата кои таа ги наметна, за ЕСЕ претставуваше уште една година посветена на унапредувањето на фискалната транспарентност во работењето на јавните институции кои работат на спроведување на социјалните и економските права на граѓаните. Со цел да одговориме на предизвиците кои пред нас ги постави здравствената криза како и да постигнеме поголеми резултати во текот на 2020 година користевме различни пристапи.

Она што е значајно да се истакне, е тоа што во 2020 година, Владата на РСМ презема одредени чекори кои би требало да допринесат кон унапредување на транспарентноста во работењето на јавните институции. Имено, беше развиен и промовираше порталот за финансиска транспарентност поврзана со трошењата, донациите и набавките направени со цел справување со пандемијата предизвикана од Ковид-19, и унапредена беше платформата за отворени финансии со вклучување на јавниот долг и трошењата на локалните самоуправи.

Оваа година претставуваше огромен предизвик како за граѓаните така и за јавните институции, кои требаше да осигурат поголема и проактивна отвореност кон јавноста. Сепак, јавните институции потклекнаа пред предизвиците, а пандемијата ги направи истите уште позатворени за јавноста. Ваквото уназадување ќе предизвика сериозни последици врз напорите кои тие ги направија и започнаа во 2019 година, а кои требаше да резултираат со напредок на ова поле.

И понатаму загрижува фактот што 76% од јавните институции кои ЕСЕ ги следи се проактивно нетранспарентни, а пак 20% се делумно транспарентни. Ова пак укажува дека само 4% или едена институција во 2020 година била проактивно транспарентна или објавила поголем број од потребните буџетски и програмски документи. И во 2020 година, постојат документи кои не се објавуваат од јавните институции, како што е ревизорскиот извештај. Дополнително загрижува фактот што одреден прогрес во проактивноста на институциите се бележи кај оние на национално ниво, а пак институциите на локално ниво кои се поблиску до граѓаните се повеќе затворени за нив.

Кога станува збор пак за реактивноста на јавните институции, половина од институциите чие работење ЕСЕ го следи имале проблем или не постапиле по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Особено загрижува фактот што за 16% од жалбените постапки за прекршување на правото на пристап до информации, заштитните механизми кои постојат во земјата не успеале да помогнат во остварување на ова право. Кога зборуваме за видот на институции кои се помалку или пак повеќе транспарентни, не може да се воочи одредено однесување кое е карактеристично за едни или пак други институции. Единствено што може да се нагласи е дека здравствените институции кои менаџираат со најмногу средства како МЗ и ФЗОМ се најмалку транспарентни или пак воопшто нетранспарентни.

Во однос на спроведувањето на постапките за јавни набавки, во 2019 година се забележува уназадување во однос на претходните три години. Односно, во постапките спроведени во 2019 година воочлива е концентрацијата на склучени договори со неколку големи компании, што пак упатува на можни злоупотреби и корупција. Останатите карактеристики на процесот на јавни набавки, како што се немањето на капацитети за проценка на потребните количини кои се набавуваат и потребните средства за нивна набавка, необјавувањето на сите информации за постапките, склучувањето на договори по повисока цена од пазарната, итн. и натаму и натаму се присутни и има потреба од нивно адресирање.

Како и во изминатите десет години, иницијативата за Отворено владино партнерство претставува една од најуспешните иницијативи за соработка помеѓу граѓанскиот и владиниот сектор на национално ниво. Во 2020 година оваа иницијатива се издигна на едно повисоко ниво. Имено се уреди постапкат на консултации и спроведување на иницијативата, се формираа тела за соработка и координирање на овој процес и се склучи соработка помеѓу МИОА, ФООМ, ЕСЕ и ЦГК за фацилитирање на овој процес. Во 2020 година, започна и процесот на изработка на новиот акциски план за 2021 – 2023 година.

## НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

### 3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПОТРЕБАТА ОД БУЏЕТИРАЊЕ ЗАСНОВАНО НА ПРИОРИТЕТИ

- Во насока на зголемување на јавната свесност за значењето на фискалната транспарентност и потребата од буџетирање засновано на приоритети, подготвивме повеќе од 883 информации, кои преку социјалните медиуми и интернет страниците на ЕСЕ беа прегледани во 417.882 наврати.
- Развиени и промовирани се две едукативни видеа, и тоа: Како да учествувате во процесот на донесување на одлуки поврзани со буџетот? и Како да дојдете до информации за буџетските трошења на јавниот сектор?.
- Спроведени се две дебати, по однос на новиот Предлог закон за буџети, и за придобивките за граѓаните од аспект на здравствената заштита по пристапувањето на земјата во ЕУ.
- Развиен е модул за електронско учење наменет за граѓански организации од земјата и регионот со цел нивно запознавање со методологијата за буџетски мониторинг и застапување и пристап до информации од јавен карактер и одбрани се по четири граѓански организации од земјата и од регионот кои ќе го применат овој модул.
- Одбележан е Светскиот ден за пристап до информации, 28 септември, преку организирање на јавна дебата на тема "Како новите политики за унапредување на транспарентноста влијаеја врз подобрување или пак уназадување на состојбите во земјата", на која учествуваа и говореа 37 од ЕСЕ, ФООМ, ЕУ, ОВП, МИОА, МЗ, 360 степени, МОФ и други.

### 3.2. ОЦЕНУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

- Оценет е степенот на проактивна транспарентност на 25 јавни институции, односно степенот на реактивна транспарентност на 48 јавни институции преку спроведување на 780 постапки за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- Подготвени и доставени се 89 предлози за унапредување на нивото на проактивна и реактивна транспарентност до 89 јавни институции, при што предлозите се примени од 64 јавни институции.

- Прибрани се податоци за спроведувањето на 1.777 постапки за јавни набавки, спроведени од 62 јавни здравствени институции во 2019 година.
- Подготвени и доставени се 62 предлози за унапредување на економичноста, ефикасноста и транспарентноста во спроведувањето на постапките за јавни набавки до 62 јавни институции.

### 3.3. ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕТО НА НИВОТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- Дел сме од иницијативниот одбор за основање на мрежа на граѓански организации кои ќе работат на ОВП и на предлог на членовите од работната група за фискална транспарентност назначени сме за членови на Советот за соработка помеѓу ГО и јавните институции за ОВП.
- Развиена е процедури за спроведување на консултации со ГО и граѓани за креирање на новиот акциски план за ОВП за периодот на 2021 – 2023, едукативен материјал за ОВП и критериуми за селекција на заложби заедно со членовите на советот, а дополнително, развиен е прашалник за мерење на спроведувањето на акцискиот план за ОВП за периодот од 2018 до 2020 година.
- Ја водиме работната група на ОВП која работи на развивање на мерки за унапредување на јавните услуги и климатските промени, при што до крајот на 2020 година спроведовме три групни средби и повеќе индивидуални средби.
- Во рамки на меѓународниот процес на ОВП, инициравме и помогнавме во вклучувањето на општина Св. Николе во иницијативата ОВП Локал, како и дадовме придонес на повеќе настани за споделување на искуства организирани од ОВП.




# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ 2020 – ДЕКЕМВРИ 2020

| **Приходи** | **износ во МКД** |
| --- | --- |
| **1. Пренесен дел на вишокот на приходите од претходна година** | **9,408,970** |
| **2. Приходи од камати и курсни разлики** | **11,532** |
| **3. Приходи од донации, членарини, подароци и останато** | **17,258,979** |
| - ФООМ (Фондација Отворено Општество) | 10,239,051 |
| - Европска Комисија | 4,031,807 |
| - Ист Вест институт за менаџмент | 413,364 |
| - Британска амбасада | 168,965 |
| - NAMATI | 276,650 |
| - Fund for Global Human Rights | 1,022,335 |
| - Population Action International | 4,970 |
| - Коалиција Маргини | 580,770 |
| - Отворена Порта | 141,385 |
| - Price Waterhouse Coopers | 137,700 |
| - ЛИЛ | 46,422 |
| - Останати приходи | 195,560 |
| **Вкупно** | **26,679,481** |

| **Расходи** | **износ во МКД** |
| --- | ---: |
| - Расходи за материјални трошоци, услуги и амортизација | 2,418,936 |
| - Расходи за капитални и други средства | 357,754 |
| - Расходи за помош, донации и други средства | 657,314 |
| - Расходи за плати и надомест за плати | 6,275,869 |
| - Расходи за спроведување на програмски активности | 4,739,403 |
| **Вкупно** | **14,449,276** |

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ**

**www.esem.org.mk**